Цветан ГРОЗДАНОВ

# ОХРИД И ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА ВО XIV ВЕК

Средновековната историја на Охрид со сигурност се следи од крајот на IX век, кога отпочна периодот на процутот на словенската писменост и создавањето на Охридската книжевна школа во чии круг учениците на Кирил и Методи го продолжија делото на Солунските браќа. Активноста на Климент и Наум на бреговите на Охридското Езеро, во соседниот Девол и Главеница, од далекусежно значење за развојот на културата на јужнословенските земји, влијаеше подоцна врз издигањето на охридскиот црковен центар.[1]) Кога царот Самуил, по Преспа, го избра Охрид за своја престолнина, тој тука го пренесе и седиштето на автокефалната црковна организација со голема диецеза. Институциите и угледот на религиозното светилиште во средишните краишта на Балканот, засновани во словенскиот период не згаснаа по заземањето на Охрид и паѓањето на Самуиловото царство (1018 г.), под ударите на силите на византискиот цар Василиј II.[2]) Канонизиран по смртта за светител, Климент е славен како заштитник на градот и на Охридската архиепископија до нејзиното укинување во XVIII век. Манастирот што го подигна и во кој, според неговата желба, е погребан (916 г.) ќе стане најмоќна монашка заедница на охридската диецеза, а подоцна, во XIV век, поистакнатите монаси од Климентовата задужбина имаа забележлива улога во работата на Ар-

---

[1]) G. Ostrogorsky, The Byzantine Backgroung of The Moravian Mission, Dumbarton Oaks Papers 19 (1965) 3—18, укажува на политичките и црковните односи коишто, по Моравската мисија, придонесоа на ширењето на словенската служба од Охрид (стр. 16—18). Основен монографски труд за Климент Н. Л. Туницкий, св. Климентъ епископъ словенский Сергиевъ Посадъ 1913.

[2]) Сите вести на византиските писатели за Самуиловото Царство, критички се обработени и објавени со библиографија и коментар во изд. Византијски извори за историју народа Југославије, том III, Византолошки институт (књ. 10) Београд 1966. Оценка за карактерот на државата на цар Самуил и црковната организација во неа сп. Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 287—296.

датоци, веруваме, дека ќе придонесе за поцелосно истражување на охридското ѕидно сликарство од XIV век, особено во доменот каде што уметничкото создавање зависело од непосредните поттици од општествената средина.

Решавачката победа на никејските сили на Михаило VIII Палеолог над војската на епирскиот владетел и неговите сојузници во 1259 г. на пелагониската рамница, го овозможи конечното воспоставување на византиската власт на Палеолозите над Македонија. Пред оваа битка, царевиот брат, севастократорот Јован успеа да ги потисне силите на епирскиот деспот Михаило II во подрачјето на југозападните македонски езера уште во пролетта истата година, заземајќи ги Охрид и добро утврдениот Девол.[5] Според кажувањето на Георгиј Акрополит, современик на настаните, во акцијата за заземање на Охрид севастократорот Јован го повел и архиепископот Константин Кавасила, кој ги повикувал бранителите на градот да се предадат, уште додека биле поставувани опсадните машини под ѕидините. Пред тоа Кавасила бил притворен во Никеја затоа што Теодор II Ласкарис се сомневал дека тој соработува или го помага епирскиот деспот. Браќата на архиепископот заземаа на дворот на деспотот Михаило II одговорни функции, што го поттикна поранешниот никејски цар да го конфинира овој истакнат охридски поглавар. Но, наскоро Михаило VIII Палеолог му даде можност на Кавасила да стори услуги за никејската страна, па архиепископот тргна со војската на царевиот брат за Македонија, каде што своето влијание го стави во служба на Палеолозите.[6] Рехабилитиран во војната, здобивајќи се со целосна доверба на царот, тој ја презеде охридската катедра, а заслугите за воспоставувањето на власта на новата династија во обновената држава придонесоа Кавасила по смртта да биде канонизиран и почитуван како светител на Архиепископијата.[7] Десеттата година по битката по Пелагонија, во планинскиот масив над Прилеп, ктиторскиот натпис од црквата Свети Никола (Манастир), конципиран од охридскиот ѓакон Јован, современик на Кавасила, со сите почесни епитети го слави царот Михаило VIII „нов Константин".[8]

Во општите напори за консолидирање на државата, византискиот цар ѝ даде поддршка и на Охридската архиепископија, за да може оваа институција да се здобие со моќта што ја имаше пред воспоставувањето на Латинското царство, за време на владеењето на Македонската и Комнинската династија. Ова настојување ќе стане поактуелно кога северните соседи, Буга-

---

[5]) D. J. Geanakoplos, Greco-Latin relations on the Byzantine Restauration; the Batte of Pelagonis — 1259,. D. O. P. 7 (1953) 120—121.

[6]) G. Acropolit, ed. A. Heizenberg, Leipzig, 1903 166—167.

[7]) За портретите на Кавасила сп. Ц. Грозданов, Прилози средњовековној уметности Охрида, ЗЛУ,2, 199—207.

[8]) Ф. Баришић, Два грчка натписа из Манастира из Струге, Зб. РВИ, 8/2, (1964) 17—18.

рија и Србија, ќе му се доближат на антивизантискиот сојуз на Карло Анжујски, одбивајќи да ѝ се подредат на Византија.[9]) Во Охрид, во 1271 год. се знаеше дека српската страна не ја прифатила византиската понуда за брак на Милутин со ќерката на царот: принцезата со придружбата стасала до архиепископскиот град, но не го продолжила патот за Србија.[10]) Веќе во идната година Охридската црква доби од византискиот цар повелба (позната според подоцнежниот препис што се чува во синајска Света Катарина), со која се негира легитимитетот на Српската и Бугарската црква, затоа што нивните епархии неканонски се отцепени од Архиепископијата. Во исто време, се подвлекува нејзината истоветност со црквата Јустинијана Прима (Justiniana Prima) и се потврдуваат привилегиите од Василиј II за Охридската црква. Истото сфаќање го застапуваше на Лионскиот собор во 1274 г., од името на византиската делегација, Георгиј Акрополит пред римскиот поглавар Григориј X, истакнувајќи дека митрополијата на Србија и патријаршијата на Бугарија (Загора) се издвоиле од Охридската црква што ја основаа царот Јустинијан и папата Виргилие.[11]) Потсетувањето на улогата на папската столица во основањето на Јустинијана Прима на Лионскиот собор, во новите услови на унионистичката политика, беше повик до Григориј X да се заземе за враќање на одземените територии на Охридската црква. Од XII век највисоките државни и црковни кругови на Византија го застапуваа официјалниот став за историско-правниот континуитет на црквата Јустинијана Прима и на Охридската архиепископија, пренесувајќи ги врз неа правата што произлегуваат од XXXI новела на византискиот цар за таа институција.[12]) Ова сфаќање, веќе вградено во црковно-политичката идеологија на Царството, живееше подеднакво и за време на династијата на Палеолозите. Врз таа основа охридскиот архиепископ заземаше високо место во источ-

---

[9]) Г. Острогорски, Историја Византије, 428—429.

[10]) Сп. М. Динић, Комес Константинус, Зб. РВИ, 7 (1951) 1—2.

[11]) В. Н. Бенешевиќ, Описание греческих рукописей монастр. св. Екатерини на Синаj Т. И., С. Петербург 1911, 323 сл.; К. Јиречек, Историја Срба, Београд 1952, 184; Г. Острогорски, Историја Византије, 428; Р. Љубинковић, Традиције Приме Јустинијане у титулатури охридских архиепископа, Старинар, XVII, Београд 1967, 68—69.

За Лионската унија сп. В. Гранић, Византијска рестаурација 1261 и црковена унија у Лиону 1274, Гласник Српске православне цркве, 9, Београд 1946, 149—154; Н. Радојчић Свети Сава и автокефалност српске и бугарске цркве, Глас СКА, 179, Београд 1938, 222—230.

[12]) За поврзувањето на Охридската архиепископија со Јустинијана Прима сп. Византијски извори, III, 136 (додатокот на Михајло Деволски кон хрониката на Јован Скилица, обработен од Ј. Ферлуга); за истото прашање сп. го и коментарот на Б. Ферјанчиќ за списот на Нил Доксопатрид, 363—365; Р. Љубинковић, Традиције Приме Јустинијане у титулатури охридских архиепископа, 61—70. Во изворите нема траги за поврзувањето на Охридската архиепископија со Јустинијана Прима пред почетокот на XII век.

ната екумена, по патријарсите на Цариград, Александрија, Антиохија и Ерусалим, што е одраз на рангот на охридската црковна организација. Како поглавар на архиепископијата τῆς πρώτης Ἰουστινιανῆς врз соборските акти тој ги става својот потпис пред кипарските архиепископ, кој поради тоа и приговорил на цариградскиот собор во 1157 год.-[13]) сметајќи ја кипарската автокефалија за постара од охридската. Поистоветувањето на правата на црквата Јустинијана Прима со Охридскта, изразено и во титулатурата, придонесе за заблудата и учените византиски хроничари да пишуваат дека родното место на Јустинијан е Охрид, иако Лихнидос се наоѓал во рамките на провинцијата Epirus Nova, надвор од јурисдикцијата на Јустинијана Прима.[14]) Но, измената на црковното седиште не можеше да влијае врз здобиените права на установата, чиј континуитет бил во интерес на византиските владетели. Синтагмата на Матија Властар[15]) и познатиот спис на Псеудо—Кодин[16]) само го потврдуваат веќе порано утврденото место на Охридската црква во хиерархијата на христијанските институции. Полната редакција на Синтагмата, настаната во Цариград во 1335 год., меѓу црквите што „не потпаѓаат под ниеден патријарх" ги спомнува само Охридската, Кипарската и Иверската, додека Трновската и Српската, премолчувајќи, ги одречува.[17])

Под Палеолозите охридскиот престол го заземаат високодостојници блиски на дворот и на престолничното општество. Ставени во улога на продолжена рака на династијата во внатрешноста на Царството, тие уживаа доверба и заштита на владетелите. Мошне угледната и одговорна должност на охридски поглавар архиереите од цариградската средина ја прифаќаа како еден вид мисионерска работа во грубата варварска средина. По Макарие, архиепископската катедра ја презеде Григорие I и неговото охридско архиерејство траеше речиси две децении. За почетоците на активноста на Григорие говори простагмата на византискиот цар за Охридската црква[18]), како и подигањето на големата припрата на катедралниот храм Света Софија.[19]) Простагмата ја издаде во 1312 год. Андроник II за да ја подобри материјалната состојба на Архиепископијата. Од нејзиниот текст

---

[13]) H. Gelzer, Der Patriarchat vPon Achrida 8—9.

[14]) Ф. Баришић, Досадашњи покушаји убикације града Јустиниана Прима, Зборник Филозофског факултета (Споменица В. Новака) VII—1 Београд 1963, 129—130.

[15]) С. Троицки, Црквено-политичка идеологија светосавске Крмчије и Властереве синтагме, Глас САН, 212, Београд 1953, 190—192.

[16]) Pseudo-Kodinos, Traité des Offices (red. J. Verpeaux) Paris 1966; 282.

[17]) С. Троицки, Црквено-политичка идеологија, 191—192; Д. Богдановиќ, Измирење српске и византијске цркве, О кнезу Лазару, Београд 1975, 88.

[18]) J. et Zepos, Ius Grecoromanum, I, Athenes, 1931, 537—538.

[19]) Ц. Грозданов, Прилози проучавања Св. Софије охридске у XIV веку, ЗЛУ, 5, (1969) 37—42.

произлегува дека оваа црковна организација некое време била без поглавар, а некои епархии без епископи, па провинциските чиновници ги присвојувале црковните приходи и имоти. На оние што во иднина ќе посегнат врз правата на Охридската црква царот им се заканува со строги мерки. Времето на издавањето на простагмата се совпаѓа со работите околу подигањето на Григориевата припрата, која била завршена во 1313/14 год., во првите години од архиепископувањето на истакнатиот ктитор. Освен за проширувањето, нему му припаѓа заслугата и за украсувањето на охридската катедрала: тој го нарачал кивориумот на црквата, од царот Андроник II примил покров извезен со сребро и злато наменет за литургиските потреби на Света Софија,[20]) а од Цариград литиските икони на Богородица и Христос Душеспасител, од најдобра престолнична изработка;[21]) и двете икони пристигнаа, секако, од цариградскиот манастир на Богородица со истоимениот епитет, што византискиот цар му го подари на Григорие II.[22]) Довербата спрема овој архиепископ Андроник II ја искажа доверувајќи му ја мисијата во преговорите за време на династичките судири во 1327 год. на состанокот во Ригион,[23]) додека, во исто време, другите истакнати современици Теодор Метохит и Јован Кантакузин за него пишуваа со најдлабоко почитување.[24])

Во книжевната заоставнина на Григорие I значајно место заземаат поголема група стихири посветени на Климент Охридски. Со овие Григориеви поетски состави била заокружена Климентовата грчка служба, преведена на словенски јазик уште во XIV век.[25]) Со таквото тематско определување, тој ја продолжи традицијата на истакнатите архиепископи — Гркот Теофилакт, Димитриј Хоматијан и Константин Кавасила, кои пишуваа житија и стихири посветени на Седмочислениците и посебно на Климент. Прославувајќи ги охридските просветители, а со тоа и традициите на својата црква, тие можеа да ѝ се доближат и да дејствуваат во словенската средина што ја сочинуваше основата на архиепископската паства. Меѓутоа, во исто време, Григорие I ги изнесе сфаќањата за улогата на архиепископите — предводници во јадровитиот, метрички стихуван, текст на ктиторскиот натпис врз фасадата на светософиската припрата. Себеси и своето ктиторско дело ги споредува

---

20) Й. Ивановъ, Български старини из Македония, София 1931 2, 36.

21) В. Ј. Ђурић Иконе из Југославије, Београд 1961, 22—23.

22) R. Janin, La geographic ecclésiastique de l'Empire byzantin, Les églises et les monasteres t III, Paris 1953, 252; С. Радојчић Иконе Србије и Македоније, еБоград 1961, IX; В. Ѓуриќ, Иконе из Југославије, 22—23, 83—85.

23) J. Kantakuzeni vol. I, Bonnae 1828, 226.

24) Ibid. 226; K. Krunbacher, Geschichte der Byzantinischen Literatur, München 1897, 553.

25) Г. Баласчевъ, Климентъ, LXV; Y. Снегаровъ, История, I, 283—284.

со Мојсие и со Мојсиевата скинија во која тој „семудро ги подучува мизиските народи на богопишаниот закон“,[26]) исто како што пишуваше и за Климента „првиот пастир на Мизија и Панонија“, тринаесеттиот апостол кој „со крштевање ги очистил мизиските народи“.[27])

Дека истакнати книжевници, богослови и правници работеле во апаратот на Архиепископијата покажува примерот на хартофилаксот ѓакон Јован Педијасим, ипат на филозофите, поет, автор на коментарите за античките писатели, на расправите за геометријата и музиката,[28]) како и вестите за охридскиот номофилакс Константин Триакондафил кој, по повлекувањето на Византиците од Охрид, соработувал во Солун со истакнатиот јурист на тоа време Константин Арменопул.[29]) Активноста на Антим Метохит, последниот архиепископ на византискиот период, се одвиваше во Цариград каде што тој му пристапи на исихастичкото движење и го бранеше учењето на Григорие Палама.[30])

Исцрпена во долгите борби со силите на Карло Анжујски и од сузбивањето на турскиот продор во Мала Азија, Византија на своите северни граници се соочи со притисокот од Српската држава на кралот Милутин.[31]) Односите со Србија кон крајот на XIII век, и подоцна, непосредно се одразуваа врз состојбите во Македонија, врз животот на Охридската архиепископија, па и врз опстанокот на Охрид во границите на Византиското Царство. Кога Лионската унија во византиската средина била отфрлена, Милутин и Јован Тесолски, сојузници на Карло Анжујски, ги започнаа антивизантиските операции во Македонија. Србите трајно го запоседнаа Скопје во 1282 год., а исто така, ги презедоа уште Горни и Долни Полог, Овче Поле, Злетово и Пијанец во Источна Македонија.[32]) Византискиот цар Михаил VIII Палеолог, подготвувајќи се за војна против Србија, умре кон крајот на истата година. Милутин успеа да запоседне нови територии во западна Македонија и во Албанија северно од Kpoja, Мат и Охрид, вклучувајќи ги Дебар, Поречје и Кичево.[33])

---

26) Ц. Грозданов, Прилози Св. Софији охридској, 40—41.

27) Г. Баласчевъ, Климентъ, 13, сл. 28.

28) K. Krumbacher, Geschichte, 556; Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти, Београд 1965, 86; во врска со претпоставката за идентичноста на Јован Педијасим и охридскиот референдар ѓакон Јован сп. В. Ј. Ђурић, Византијске фреске у Југославији, Београд 1974, 16—17, 184.

29) Г. Острогорски, Серски митрополит Јаков, Зборник Филозофског факултета, X—1 (Споменица Васе Чубриловића) Београд 1968, 220—221.

30) K. Krumbacher, Geschichte, 110; H. Gelzer Der Patriarchat von Achrida, 14; H. G. Beck, Kirche und theologische Literatur im Byzantinschen Reich, München, 1959, 744.

31) Г. Острогорски, Историја Византије, 447.

32) К. Јиречек, Историја Срба, 191.

33) Исто.

Притисокот врз ослабнатото Царство се претвори во непрекидна војна без решавачки судир, во четувања и препади на отворената граница што ја заштитуваа само утврдените градови. Војсководачот на Андроник II, Михаил Главас презеде во 1297 год., противнапад, но потоа му предложи на царот византиско-српските односи да се регулираат со траен мир, со воспоставување роднински врски.[34]) Византиско-српската граница, што ќе остане без измени до крајот на владеењето на Милутин, на територијата на Македонија одеше северно од Луково, Дебрец, Железнец, Велес и Штип, а завршуваше на веригите на Плачковица и Го лак.[35]) Поновите истражувања покажуваат дека Велес и Штип останале под византиската контрола, дека српскиот продор бил запрен во утврдената долина на Вардар, но затоа Византиците се повлекле, речиси, до планинските приоди кон Охрид.[36]) На тој начин, само десетина години по најавите за неканонското формирање на Српската и Трновската црква, Охрид изгуби три значајни епархии — Скопската, Дебарската и Морозвишката, а со губењето на Кичево и еноријата под непосредното старешинство на охридскиот архиепископ. Со јакнењето на Немањиќката држава, диецезата на Архиепископијата кон крајот на XIII век била преполовена, а Охрид стана погрaничен град кој тешко устојуваше пред притисокот на српската војска. Приближно во времето на освојувањето на Дебар, во Цариград престојуваше дебарскиот епископ „заради некои свои потреби“, па се помислува дека неговото присуство во престолнината е последица на повлекувањето на византиските архиереи од краиштата што се ставени под власта на Српската црква.[37]) Со воспоставувањето на брачната врска со Симонида, сите освоени територии Милутин ги задржа како мираз, со што, всушност, е санкционирана веќе постојната византиско-српска граница, воспоставена со претходните војни. Охридскиот архиепископ Макарие му даде благослов на овој брак,[38]) не само затоа што беше „царев комесар“ кој им се повинува на желбите на Андроник II, туку и затоа што така можеше да го заштити натамошното растурање на својата диецеза. Политичка стабилност и доверба во односите меѓу Византија и Србија настапија дури во втората деценија на XIV век. Кога започна акцијата на антивизантискиот сојуз на Карло Валоа Милутин сакаше да си ги обезбеди добиените територии во Македонија за случај да се измени односот на силите. Според договорот што го потпи-

34) М. Ласкарис, Византиске принцезе у средњевековној Србији, Београд 1926, 56 сл.; М. Динић, Однос између краља Милутина и Драгутина, Зб. РВИ, 3, Београд 1955, 57—59.

35) Т. Томоски, Исправки и дополненија на некои карти од средновековната историја на Македонија. Годишен зборник, Фил. фак., 7, Скопје 1954, 113—118.

36) Ibid. 114.

37) И. Снегаровъ, История, I. 156.

38) М. Ласкарис, Византијске принцезе, 68.

шаа пратениците на Милутин во 1308 год. кај Мелен во Франција, нему му се признаваат постојните граници во југозападна Македонија до „меѓите на Охрид“.[39])

Кон крајот на XIII и во почетокот на XIV век зема замав акцијата на Куријата врз отворањето бискупии во албанските краишта на охридската и цариградската диецеза и тој процес ќе се прошири во текот на втората половина на XIV век со поддршка на поистакнатите претставници на албанско-зетското благородништво во фазата на неговото осамостојување. Воспоставувањето на католичката хиерархија започна уште во времето на анжујското присуство во средна и јужна Албанија (1272 год.), на јадранско-јонскиот крајбрежен појас каде што локалните династи го прогласија Карло Анжујски за наследен крал на оваа земја.[40]) Драчката надбискупија станува основно јадро на католичкото влијание не само во периодот околу Лионската унија, туку и во почетокот на XIV век, кога анжујците си го повратија Драч.[41]) Се отвораат бискупии во Кроја и во Валона[42]) со широка диецеза до алб. Белград, во средишните краишта на Охридската архиепископија. На Куријата му пријдоа домовите на Музакиите, Аријанитите, Топија и др., но бискупите, без услови за своја активност, во прво време живееја во Драч или во Авињон. Албанското благородништво со католичките архиереи на византиската и српската територија, со помош и поттик од папскиот центар, му пристапи на движењето против кралот Милутин за време на неговата војна со Унгарците.[43]) Во тие години, за време на понтификатот на папата Јован XXII плановите за реализација на источната политика против „шизматиците“ добиваат такви димензии што во 1320 год. се јавува и првиот титуларен католички архиепископ на Охрид, доминиканецот Никола.[44]) Но и тој дејствуваше во Авињон како номинален поглавар, очекувајќи поповолни прилики за доаѓање во архиепископскиот град.[45])

Настаните до кои дојде кон крајот на третата деценија, судирите на Андроник II и Андроник III, не оставија поголеми

---

39) А. Убичини: Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом од Волоа и посланицима српског краља Уроша, потписан 27 марта 1308 у Абатијили код Мелена, Гласник Српског ученог друштва, књ. X. св. XXII, Београд, 1870, 310—327; М. Динић, Однос између краља Милутина и Драгутина, 62—64.

40) K. Jireček, Albanien in der Vergangenheit, Illyrisch-Albanische Forschungen, I, München und Leipzig 1916, 72—73.

41) K. Jireček, Die Lage und Vergangenheit der Stadt Durazzo in Albanien, Illyr. — Alban. Forschungen, I, 162—163.

42) M. Šifflay, Срби и Арбанаси, Београд 1925, 96—97.

43) К. Јиречек, Историја Срба, I, 200—201.

44) Acta et diplomata res Albaniae mediae aetaris illustrantia, ed. L. Thalloczy, C. Jireček et Em. Šufflay, I, Vindobonae 1913, 663, 664.

45) M. Šifflay мисли дека католичкиот архиепископ Никола е идентичен со архиепископот Никола од времето на Душановото владеење (Срби и Албанци, 97) што вее порано го отфрли М. Пурковиќ како неприфатливо (Авињонске папе и српске земље, Пожаревац 1934, 46).

последици врз животот на Архиепископијата, затоа што Византијците наскоро засекогаш отстапија од Охрид. Иако Андроник III пред самата абдикација на стариот цар го стави под своја контрола поголемиот дел на Македонија и Албанија,[46]) српскиот крал Стеван Дечански, сојузник на Андроник II, го проби византискиот одбранбен систем на Вардар, ги заседе Велес и Просек, отворајќи стратегиски пат за освојување на јужна Македонија.[47]) Тогаш за првпат српските војски ја започнаа опсадата на Охрид), веројатно, во почетокот на 1329 год.), но неговото паѓање е одложено за неколку години, благодарение на брзата интервенција на младиот византиски цар;[48]) сепак, Србите веројатно го презеле и го задржале Дебрец, заштитниот пункт на приодот кон Охрид. Идната, 1330 год., Византија во сојуз со Бугарија подготвуваше војна против Србија со која би се отфрлиле длабоките српски продори во централна Македонија. Андроник III успеа да поврати некои помали утврдувања меѓу охридската жупа Дебарца и Прилеп, но, на веста за тешкиот бугарски пораз на Велбужда, го напушти ова боиште.[49]) Според оценката на Г. Острогорски, победата на Велбужда имала пошироко значење во односите на силите затоа што ја „решила борбата околу Македонија во корист на Србија и ги поставила темелите на српската превласт на Балканот".[50])

Воден од желбата на благородништвото за освојување на нови територии, српскиот суверен Стефан Душан, уште на почетокот од своето владеење, во првата војна против Византија, заседе значајни градски средишта во Македонија. Во науката е прифатено мислењето дека Душан го освоил Охрид во 1334 год., како што тоа го истакнува и неговиот биограф, на самиот почеток од своето кажување за присоединетите градови прьвоє градь славьѥ Охридь.[51]) Но овој хроничар, меѓу местата освоени во војната од 1334 год., ги наведува градовите веке порано одземени од Византија, како и градовите што трајно се запоседнати во 1343 год., па затоа неговите вести се преиспитувани во светлината на други извори.[52]) Меѓу трајните придобивки од првата војна со Византија Иречек ги вбројува само Прилеп и Струмица, додека за времето на освојувањето на Охрид не се изјаснува.[53]) Подоцна, М. Диниќ, проучувајќи ја хронологијата на Душановите освојувања во Македонија и Албанија, врз ос-

---

[46]) К. Јиречек, Историја Срба, I, 206.

[47]) Т. Томоски, Белешки по повод воениот поход на Андроник III во Македонија во 1330, Годишен зборник, Фил. фак., 16, Скопје 1964, 42—43.

[48]) К. Јиречек, Историја Срба, I, 206.

[49]) М. Динић, За хронологију Душанових византијскјх градова, Зб. РВИ, 4, Београд 1956, 7; Т. Томоски, Белешки 41—44.

[50]) Г. Острогорски, Историја Византије, 471.

[51]) Архиепископ Данило и други, Животи краљева и архиепископа српских, изд. Д. Даничић, Загреб 1866, 226—227.

[52]) М. Динић, За хронологију Душанових освајања, 1—10.

[53]) К. Јиречек, Историја Срба, I, 215.

нова на посредни податоци, дојде до заклучок дека и Охрид во 1334 год. останал во границите на Српската држава, што е усвоено во историографијата.[54]) Во грамотата на Перивлента (1345) Душан ја слави Богородица која го кренала од болесничкиот одар и го направила владетел на славните грчки градови, па и и наставʼникоу бити великимь и светима царем грьчʼкимь вь градѣ Охридѣ".[55] градѣ Охридѣ".[55]) Единствениот податок што би укажувал на постоењето и работата на Архиепископијата пред 1345 год. произлегува од првата Душанова грамота на манастирот Трескавец каде што се подвлекува правото на охридскиот црковен поглавар над оваа монашка заедница; во оваа грамота се спомнуваат и имотите на Трескавец на Преспа, во близината на Охрид.[56])

Во новоосвоените краишта Душан го одбегнуваше уривањето на постојниот правен ред, а порано утврдениот управен систем не беше подложен на битни измени. Но, персоналните измени во државната и во црковната хиерархија не можеа да се одбегнат: клучните позиции ги добија блиските и верни соработници на владетелот, па на тие позиции дојдоа нови луѓе.[57]) Охридската архиепископија ќе го задржи статусот на втора автокефална организација во Српската држава како црква на „грчкиот престол" како што Душан ја наречува во Речта кон својот Законик.[58]) Таквиот нејзин третман беше во согласност со потребата Архиепископијата да го даде својот придонес за легитимитетот на прогласувањето на Патријаршијата и на Царството во 1346 год.

Охридската црква, во текот на првите десет години под српска управа, остана со најмала диецеза во својата историја; по Хрељиното одметништво во Струмица, Охрид, веројатно, под своја црковна власт ги има задржано само краиштата западно од Вардар до Деволската епархија, додека најголемиот дел од диецезата останал во границите на византиската држава. Но, по големите Душанови освојувања од 1342—1345 год., Архиепископијата ги доби сите епархии што ги имаше на почетокот на

---

[54]) М. Динић, За хронологију Душанових освајања, 7; Г. Острогорски, Историја Византије, 472; Б. Ферјанчић. О повљама краља Стефана Душана манастиру Трескавцу код Прилепа, Зборник РВИ, 7, Београд 1961, 161.

[55]) С. Новаковић, Законски споменици, Београд 1912, 672.

[56]) Законски споменици, 666—667; Б. Ферјанчић, О повељама краља Стефана Душана, 161—167, наведе индиции коишто ја доведуваат во прашање автентичноста на грамотата Б, така што и податоците од оваа „втора", Душанова грамота издадена на Трескавец за Охридската архиепископија, може да се сметаат, во хронолошки поглед, несигурни.

[57]) Г. Острогорски, Душан и његова властела у борби са Византијом, Зборник у част шесте стогодњице Законика цара Душана, Београд 1951, 79—86.

[58]) Н. Радојчић, Законик цара Стефана Душана, Београд 1960, 144.

XIV век.[59]) Бидејќи созреаја условите за нејзино функционирање, по сè судејќи околу 1345 год. беше одредена нејзината положба и ѝ се потврдени правата во Српската држава. Од друга страна, епархиите на освоената територија, порано потчинети на Цариградската патријаршија, не се ставени под ингеренциите на „грчкиот престол" во Охрид, туку станаа составен дел на Српската црква. Во тие години, со сета жестина, е отворено сложеното прашање на избеганите византиски архиереи што ѝ останаа верни на Екуменската патријаршија, ги напуштаа своите функции и заминуваа во византиските градови.[60]) И покрај тоа што автокефалноста на Охридската црква не е доведувана во прашање, дојде до измени во нејзиниот врв, како, впрочем, и во апаратот на Архиепископијата, но не се сочувани податоци кои би покажале каков бил односот на клирот од времето на византиската управа и високодостојниците што ги заседоа позициите под српската власт.

Првата сигурна вест за архиепископот Никола потекнува од 1345 год. кога е создадена ктиторската композиција во црквата Свети Никола Болнички со портретите на овој охридски поглавар и на Душановото семејство.[61]) За време на неговото архиерејство, во Цариград се појавува и живее поранешниот охридски архиепископ Антим Метохит, чие име се спомнува во врска со одржувањето на познатиот собор од 1347

---

59) Најголем дел од териториите во јужна Македонија и Албанија коишто до 1334 и припаѓаа на охридската диецеза, освоени се дури во втората војна на Душан со Византија, сп. К. Јиречек, Историја Срба, I, 219—221; М. Динић. За хронологију Душанових освајања, 1—10.

60) По ставот на Иречек: „Митрополитите на Цариградската патријаршија беа отсекаде протерани и на нивното место поставени српски епископи", Историја Срба, I, 222, со новите истражувања продлабочени се познавањата на ова прашање, сп. В. Мошин, Св. патријарх Калист и Српска црква, Гласник Српске православне цркве, 9, Београд 1946, 192—206; Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти, 106—107, 130—133; id. О серском митрополиту Јакову, 20—25; Д. Богдановић, Измирење српске и византијске цркве, 81—90.

61) Б. Ферјанчић, О повељама краља Стефана Душана, 161—167, откако ја покажа неавтентичноста на хрисовуљата Б, ја наметна и потребата за преиспитување н податоците за архиепископот Никола што ги содржи оваа хрисовуља.

61a) За ктиторската композиција од Св. Никола Болнички сп. Ф. Месесенел, Средњевековни споменици у Охриду, Гласник Скопског научног друштва, 12, Скопље 1933, 176—177; С. Радојчић, Портрети српских владара у средњем веку, Скопље 1934, 57; Ђ, Бошковић, Неколико натписа са зидова средњевековних цркава, Споменик, СКА, 87, Београд 1938, 11—13. По чистењето на фреските пишувале: К. Балабанов, Нови податоци за црквата Никола Болнички во Охрид, Културно наследство, II, Скопје 1961, 33—35; Љубинковић и М. Чоровић Љубинковић, Средновековното сликарство во Охрид, Зборник на трудови, Охрид 1961, 132; С. Грозданов, Прилози средновековној уметности Охрида, 207—213; В. Ј. Ђурић Три догађаја у Српској држави XIV века и њихов одјек у сликарству, ЗЛУ, 4, Нови Сад 1969, 76—87.

год.[62]) на кој, покрај другото, се разгледувани и прашањата за учењето на Палама. Овој податок говори дека на врвот на Охридската црква се извршени радикални измени т.е. дека функцијата на Антим Метохит ја презел Никола како човек на Душановата доверба. Познат е и случајот на охридскиот номофилакс Константин Триакондафил кој во 1345 год. се јавува во Солун, заедно со Константин Арменопул и бившиот серски митрополит, претходник на Душановиот пријател, митрополитот Јаков.[63]) На судскиот акт што го потпишаа тие Триакондафил се спомнува како царски дворјанин со што само се потврдува дека останал во служба на византискиот цар.[64]) Епископот деволски Григорие произлегуваше, секако, од редовите на византискиот клир, но не тргна по патот на архиереите-емигранти, туку ја задржа својата функција и соработуваше со Душан. Под Немањиќкото владееење тој стана мошне влијателна личност, истапуваше на грчки јазик и кога не била во прашање само неговата „идентификација": натписот во Заум кој го означува заедничкиот ктиторски потфат со ќесарот Гргур, по нарачката на Григорие, беше испишан на грчки јазик.[65])

Архиепископот Никола учествуваше во донесувањето на најзначајните одлуки на Српската држава и црква кон средината на XIV век, давајќи ѝ целосна поддршка на Душановата политика во решавачките настани. Заедно со бугарскиот патријарх Симеон и со претставник на светогорските манастири, тој на чело на својот собор зеде учество во издигањето на Српската архиепископија на степен на Патријаршија и во прогласувањето на архиепископот Јоаникиј за патријарх, а потоа го даде својот благослов на свеченото крунисување, на Душан за цар.[66]) „грчки престол" во чинот кога „Од Бога со венец царски е венчан" во Речта кон неговиот Законик.[67]) Може да се уочи присуството на архиепископот Никола и на значајниот државен собор кој расправаше за реформирањето на Српската црква и кој донесе одлука за воспоставување митрополитски систем, како и за формирање нови епископии.[68]) Карактерис-

---

62) Za Antim Metohit, sp. M. le Quien, Oriens christianus, t. II, MDCCXL, 297 (s. 1.) 297; H. Gelzer, Dar atriarchat von Achrida, 14; Й Снегаровъ, История, I, 213; H. G. Beck, Kirche und theologische Literatur, 744

63) Г. Острогорски, О српском митрополиту Јакову, 119—125.

64) Ibid 20—21.

65) Й Ивановъ, Български старини из Македония, 55.

66) Н. Радојчић, Законик цара Стефана Душана, 144; id. Српски државни сабори у средњем веку, Београд 1940, 123—125; Р. Л, Веселиновић, Патријарх Јоаникије, Гласник Српске православне цркве, 9, Београд 1946, 131—133.

67) Н. Радојчић, Законик цара Стефана Душана, 144.

68)) Законски споменици, 676; Р. М. Грујић, Скопска митрополија, Скопје 1935, 100—102; Н. Радојчиќ, Српски државни сабори, 127—128.

тична е согласноста на охридскиот поглавар старата запуштена епископија Морозвизд да се обнови во Злетово (Лесново) и да му се потчини на скопскиот митрополит, иако беше во прашање стара епархија на Охридската црква, која згасна во претходниот период на византиско-српската граница, северно од Струмица. Во Душановата повелба за формирање на Злетовската епископија во Лесново (1347 год.) името на охридскиот архиепископ се наведува по „преосвештениот“ патријарх Јоаникиј, а пред првопрестолниот скопски митрополит Јован, што е одраз на веќе востановениот ред меѓу архиереите на Српската држава по прогласувањето на Патријаршијата и Царството.[69])

Активноста на архиепископот Никола во тие години поцелосно ја осветлуваат ктиторските композиции и сликарските целини од времето на неговото архиерејство што ќе биде предмет на посебни разгледувања. Треба само да се потсети дека појавата на портретите на св. Симеон Немања и на св. Сава во рамките на неговата ктиторска композиција од црквата Свети Никола Болнички била во спротивност со традициите на охридската автокефалија, иако е сфатлива во контекстот на тогаш веќе одредената замисла државата на Душан да го потисне и да го замени Визнтиското Царство, растргнувано од класни судири и од граѓанска војна.[70]) Во годините на најголемиот подем кога Оливерова заветнина во Лесново станала епископско седиште, Никола го повикал угледниот деспот да подигне свој параклис на катот на охридската катедрала.[71]) Под архиепископот Никола и со негово залагање конечно започна осликувањето на западниот дел на Света Софија што, покрај другото, беше израз на неговата моќ и позиција во врвот на Душановото царство.

На почетокот од српското владеење охридски наместник беше севастократор Керсак, познат од Душановата грамота на Перивлепта.[72]) Севастократорската титула Керсак ја доби од Андроник II или Андроник III[73]), а подоцна, како еден од најистакнатите византиски наместници во западна Македонија, му пристапи на Душан и ја задржа својата функција во Охрид[74]) Како

---

69) Р. Грујић, Скопска митрополија, 98—100:. И Снегаровъ, Скопска епархия, Годишник на Софиск. униврез.., VI, Богосл. фак., София 1938, 73—74.

70) В. заб. 61 и 61а.

71) Г. Грозданов, Прилози проучавању Св. Софије охридске у XIV веку, 49—53.

72) Законски споменици, 673.

73) Б. Ферјанчић, Севастократори у Византији, Зб. РВИ, 11, Београд 1968 188—189; ид., Севастократори и кесари у Српском царству, Зборник Филозофског факултета XI—1 (Споменица Јаја Тадића), Београд 1970, 257; авторот на овие студии помислува дека „брат краљевства ми, севастократор града Охрида“ на почетокот на Душановата грамота на Перивлепта и „прељубезни властелин краљевства ми севастократор Керсак“ во нејзиниот втор дел, може да бидат две различни личности.

74) М. Динић, за хронологију Душанових освајања, 4—5.

што забележа М. Диниќ, тој имал заслуги во освојувањето на Охрид што би произлегувало од еден став на грамотата на Перивлепта каде што Душан истканува дека господар на овој град, меѓу другото, е и „прѣданиiемь врата кралiевьства ми, севастократора града Охрида“.[75] Според истиот автор охридскиот Керсак е исто ли со севастократорот на Србија кир Никифор Исак кој во 1343 год. влегол во алб. Белград, како и „Керсаки“ на кој, според одлуката на дубровничкиот Совет на замолените, треба да му се пратат подароци и препораки за дубровачките трговци.[76])

Керсак имал власт не само во Охрид, туку во градовите западно од Охридското Езеро. Во текот на наредните години во Охрид и во албанските градови Керсак веќе не се појавува, но затоа во овие краишта функции добија луѓе од потесниот круг на Душановото благородништво. Господар на Валона и алб. Белград стана царевиот шура Јован Асен Комнен,[77]) а деволскиот крај (каде што Керсак имал имоти)[78]) го презеде, пред 1361 год., Гргур Голубиќ кој рано се здоби со ќесарска титула и се вбројуваше меѓу најистакнатите благородници на Српската држава.[79]) Од Душановата грамота на манастирот Свети арханѓели дознаваме дека благородникот Младен Владоевиќ како замена за црквата Свети Спас во Призрен ја добил Андричја црква во Охрид заедно со соодветни имоти „црьква за црьква села виноград за винограде млинеза млине,“[80]). Овој податок би говорел дека Младен Владоевиќ заземал некаква позиција во Охрид, но овој благородник без титула, секако, не можел да ја прими значајната должност на охридски наместник. Кога згаснала власта на кир Исак Дука-Керсак и неговото семејство во Охрид, не е познато: севастократорот Бранко се јавува како охридски господар под царот Урош, а може само да се претпостави дека ова намесничко место го добил за време на Душан.

На почетокот од владеењето на Урош, кога процесот на слабеењето на централната власт зеде пошироки размери, него-

[75]) Законски споменици, 672; М. Динић, За хронологију Душанових освајања, 5.

[76]) М. Динић, Реља Охмућевић, Зб. РВИ, 9, Београд 1966, 108; Критички забелешки кон мислењето на М. Динић за потеклото на севастократорската титула на Керсак, в. Б. Ферјанчић, Севастократори у Византији, 188—189.

[77]) Р. Михаљчић, Крај Српског царства, Београд 1975, 19—21.

[78]) Селото Радокали коешто го подарил Керсак на Перивлепта (Законски споменици, 673—674) над Подградец на сегашниот албански брег му припаѓало на Деволскиот крај, како, впрочем, и Заум, в. Ц. Грозданов, Нови сознанија за живописот на Климентовата црква св. Пантелејмон во Охрид, Семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје, 1976, 5—6.

[79]) За личноста на кесар Гргур, еден од заумските ктитори, в. Ђ. Сп. Радојичић, Ко је подигао манастир Заум? Историјски преглед, 1, Београд, 1954, 44—46, каде што укажа на неговата идентификација со кесарот Гргур Голубиќ. За кесарот Гргур Голубић в. Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у Српском царству, 263.

[80]) Законски споменици, 683. Можеби е во прашање војводата Младен, татко на севастократорот Бранко.

виот суверенитет во Охрид не е оспоруван. Името на Урош се наведува во ктиторскиот натпис на Заум (1361 год.) и во северните анекси на Перивлепта (1364/65 год.) со сите карактеристики на власта на самодржавен цар.[81]) Охрид и Девол останаа сигурни потпори на Урош кога Симеон Палеолог 1356 год. се прогласи за цар во соседниот Костур и вршеше притисок врз северните краишта со намера „да ја заземе татковината и власта на својот брат Стефан".[82]) Костур, вториот град на Архиепископијата и нејзин прототрон, под Симеон надвор од Урошевата држава, остана и надвор од охридската црковна власт. Костурскиот епископ во текот на тие години не можеше да биде прототрон на Архиепископијата, па затоа оваа должност, традиционално врзана за костурскиот архиереј, ја презеде деволскиот епископ. Ктиторскиот натпис на костурската црква Свети Арханѓел од 1359/60 год. говори дека со градот владеел царот Симеон заедно со синот-совладател[83]), и во исто време покажува дека Душановиот полубрат по битката кај Ахелој[84]) сè уште не ги напуштил своите северни територии. Во тоа време, епископот деволски Григорие се јавува со звање прототрон што стои до негово име на заумскиот ктиторски натпис. Подоцна, Костур повторно ѝ припадна на охридската диецеза со значењето какво што и порано го имаше меѓу епархиите на Архиепископијата.[85])

Севастократорот Бранко потекнува од истакнатото благородничко семејство што го поддржуваше Душановиот подем, а неговите претставници, за заслугите во војните, преземаа функции во новоосвоените краишта. Татко му на Бранко, војводата Младен, уште во времето на Стеван Дечански и Душан се појавува во приморјето, а чичко му, жупанот Никола, во северна Албанија.[86]) Во псалтирот што е пишуван во Дреница, нивната баштина на Косово, не се наведува титулата на Бранко, но познати се сребрените емисии на пари од времето на Душан со натписот „слугата Бранко", за кои се верува дека му припаѓаат нему.[87]) Кон почетокот на 1365 год., кога неговите синови Гргур и Вук, заедно со братот монах Роман, му подаруваат села на Хилин-

[81].) В. Ц. Грозданов, Прилози средњевековној уметности Охрида, 215—222.

[82]) Р. Михаљчић Крај Српског царства, 16—19.

[83]) M. Lascaris, Deux chartes de Jean Uroš, dernier Nemanide, Byzantien, t. XXV—XXVI—XXVII, св. 1, Bruxelles 1957, 284—285.

[84]) За значењето на битката кај Ахелој, в. Р. Михаљчић, Битка код Ахелоја, Зборник Филозофског факултета, XI—1 (Споменица J. Тадића), Београд 1970, 274—275.

[85]) Како што се гледа од ктиторскиот натпис на црквата Св. Атанасија од 1383/84, тогаш костурскиот епископ бил прототрон на Охрид, сп. В. J. Бурић Мали Град — Свети Атанасије у Костуру — Борје, Зограф, 6, Београд 1975, 39.

[86]) Б. М. Динић, Област Бранковића, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор, књ. XXVI, св. 1—2, Београд 1960, 5—6.

[87]) Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у Српском царству, 260—261.

дар, овој истакнат охридски наместник веќе не бил жив.[88]) Ѓ. Сп. Радојичиќ истканува дека не се без основа спомнувањата за роднинството на Бранковиќи со Немањиќите и кажувањето дека Вук потекнува „од славните и велики", „од племето на Немања" во рамките на Пофалното слово за кнезот Лазар од 1392 год.[89])

Уште додека бил жив севастократорот Бранко, неговиот нај стар син Радохна (Радоња) се замонаши во Хиландар (монах Роман, великосхимничкото име Герасим и разви мошне жива активност во Света Гора. Манастирот Култумуш кој тогаш го доживува својот процут, го вбројуваше меѓу своите најголеми приложници. Заедно со Антоние-Арсение Багаш го купи и го обнови манастирот Свети Павле кој ќе стане истакнато книжевно средиште.[90]) По татковата смрт, пред Вук и Гргур да го напуштат Охрид, тој доаѓаше за да се договори со браќата околу имотите и околу поделбата на наследените поседи. Монахот Роман беше значајна алка на Охрид со Света Гора и во времето на семејните договори на Бранковите синови се одвиваше живописанието на тремот на Перивлепта со нивна ктиторска помош. Би требало да се спомене дека соработник и другар на Радохна-Роман, Антоние-Арсение бил еден од најистакнатите преведувачи од грчкиот јазик на Света Гора.[91]) Неодамна Г. Суботиќ и С. Кисас, врз основа на поцелосното читање на надгробниот натпис во манастирот Свети Јован Претеча во Меникејската Гора кај Сер, дојдоа до заклучок дека најстариот син на охридскиот наместник бил оженет со сестрата на Волкашин, Елена, дека неговото световно име било Никола Радохна и дека се замонашил по смртта на жена му и ќерките.[92]) Овој податок би покажувал, покрај другото, дека пред 1365 год. била остварена семејна врска двете угледни и моќни феудални семејства на Српската држава во Македонија.

*

*   *

Познатите политички измени што настапија веќе во 1365 год., како и нивното рефлектирање врз приликите во градот и во животот на Архиепископијата, речиси и не можат да се

---

88) К. Јиречек, Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, Зборник Константина Јирчека, I, Београд 1959, 367; М. Динић, Бранко Младеновић, Енциклопедија Југославије 2, Загреб, 1956, 149.

89) Б. Сп. Радојчић, Доба постанка и развој старих српских родослова, Историски гласник, 2, Београд 1948, 30—32; И. Божић, Неверство Вука Бранковића, О кнезу Лазару, 236—237; пишува дека роднинските врски на Бранковиќи со Немањиќите биле подвлекувани кон средината на XV век.

90) Б. Сп. Радојичић, Феудална породица Багаш, Врањски гласник, I Врање 1965, 21—22.

91) Б. Сп. Радојчић, развојни лук старе српске књижевности, Сента 1962, 33.

92) Г. Суботић и С. Кисас, Надгробни натписи Јелене, сестре деспота Јована Угљеша, Зб. РВИ, XVI, Београд 1975, 161—179.

следат низ непосредни изворни вести. Сепак, другите, главно попатни податоци, сочувани надвор од охридското подрачје, придонесуваат да се осветлат некои значајни страници од историјата на Охридската црква во децениите пред турската окупација.

Гргур и Вук, по татковата смрт, не ги задржаа позициите во Охрид: Гргур се појавува во Тетовскиот Полог за време на владеењето на Марко,[93]) а Вук повторно се спомнува дури во 1376/77 год. кога го држеше Скопје и поголеми територии на Косово.[94]) Бидејќи Вук тогаш влегуваше во кругот на најмоќното благородништво на почвата на старото Царство, неговото издигање морало да започне значително порано, секако пред битката на Марица.[95]) Не е познато во какви околности Гргур и Вук ги напуштиле краиштата на татковото наместништво, но паѓа во очи фактот дека тоа се случило во годините кога Волкашин бил царев совладетел и крал. Може само да се помислува дека смртта на севастократорот Бранко му го отворила патот на уште побрзиот подем на Волкашин.

Во науката постои неподелено мислење дека Охрид ѝ припаѓал на „Волкашиновата земја“[96]) и покрај тоа што до нас не стасале вести кои поодредено би говореле за тоа. Таков заклучок најмногу се извлекува врз основа на општите сознанија за моќта на Волкашин во Царството и особено во македонските краишта, како и за улогата на охридскиот архиепископ во државата на деспотот Јован Углеша. Овој став добива поконкретна потврда во вестите од ктиторскиот натпис на ќесарот Новак во црквата Света Богородица на преспанскиот остров Град.[97]) Овој натпис од Преспа не е значаен само по тоа што во него во 1369 год. се наведува исклучиво владеењето на Волкашин, туку и затоа што, по името на кралот, се спомнува архиерејството на охридскиот поглавар, што значи дека Преспа била составен дел на Охридската епархија. Во времето на најголемиот политички и воен подем, Волкашин, секако, не ја делел епархијата на Охрид на еден така тесен појас со друг областен господар.

---

93) Сите автори што пишувале за Гргур од Полог, познат од записот на јеромонахот Михаил, го идентификуваат со Гргур Бранковиќ, Й. Ивановъ, Български старини, 90; А. М. Селищчевъ, Пологъ, София, 1929, 83—84; Р. М. Грујић, Полошко-Тетовска епархија и манастир Лешак, ГСНД књ. XII, Скопље 1933, 39: Б. Сп. Радојичић, Јаначије Девички, Гласник Етнографског института САН, I, 1—2. Београд 1952, Подоцна, Б. Сп. Радојчић, Ко је подигао манастир Заум?, 44, се посомнева во оваа идентификација не наведувајќи причини за тоа.

94) Законски споменици, 451; М. Динић, Област Бранковића, 9.

95) В. Мошин, Самодржавни Стефан кнез Лазар и традиција Немањичког суверенитета од Марице до Косова, О кнезу Лазару, Београд 1975, 39.

96) И. Руварац, О кнезу, Лазару, Нови Сад 1887, 140; С. Новаковиќ, Срби и Турци у XIV и XV веку, Београд, 1960, 201; Г. Острогорски, Серска област, 85.

Мошне одамна, патем соопштеното мислење на Иларион Руварац дека „во државата на кралот Волкашин началствувал охридскиот архиепископ", имаше значајно влијание во историографијата,[98]) но мора да се забележи дека ова прашање во поновите истражувања останало речиси негибнато. Сфаќањето за кралот-узурпатор го наметна и поедноставениот заклучок дека на Волкашин му била потребна поддршката на автокефалната црква и дека тој ја добил од вториот црковен поглавар во Царството, од охридскиот архиепископ, кој престолуваше во неговата земја.[99]) Сега е познато дека Волкашин можел да стане крал и царев совладетел само со согласност на Урош и со негова инвеститура, како што се познати и многубројните примери што го потврдуваат почитувањето на совладетелскиот однос.[100]) Во тие услови не дојде до нарушување во односите меѓу Охридската архиепископија и Пеќката патријаршија, т.е. до насилно присоединување на Скопската и Призренската митрополија на охридската диецеза под притисокот на Волкашин, како што мислеше И. Снегаров.[101]) Охридскиот архиепископ навистина началствувал во земјата на Волкашин, но само во нејзиниот јужен дел, опфаќајќи ги во својата диецеза и епархиите во краиштата над кои царот и кралот немаа власт. Веќе е забележано дека по 1368 год. не се манифестираат белезите на совладетелството, дека Волкашин спроти загинувањето на Марица истапувал самостојно.[102]) Но и фрагментарното познавање на овој период во Царството нè упатува на можноста на преземање на Скопската и Призренската митрополија по 1368 год. и нивното ставање под црковната власт на Охрид. Уште во 1370 год. Волкашин се јавува како „Господинъ земли Срьбскои и Грькомь и западнимь странамь"[103]) и настојува да му обезбеди легитимитет на својот син, младиот крал Марко.[104]) Зошто во тие прилики Волкашин би ѝ одземал епархии на Пеќката патријаршија кога му била потребна, покрај поддршката на охридскиот архиепископ, решавачката помош на пеќкиот патријарх.

---

97) Й. Ивановъ, Български старини, 59.

98) И Руварац, О кнезу Лазару, 140; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, Старинар, III, Београд 1925; 22; ИСнегаровъ, История, I, 330—332.

99)Й. Снегаровъ, Скопска епархия, 122—123.

100) Г. Острогорски, Серска област, 8—13.

101) И. Снегаровъ, История, I, 330—332; id. Скопска епархия, 122—123. В. мојот осврт на мислењето од I. Снегаров за охридската јурисдикција над Скопје за времето на Волкашин. S. Grozdanov, Wolkaschin, Ugljescha, Marko and the Ohrid Archbishopric, Macedonian Review, Vol. No. 2, Skopje 1975, 132—133.

102) Историја Црне Горе, књига друга, том други, Титоград 1970, 27—28 (текст на С. Ќирковиќ).

103) К. Јиричек, Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, 371—372; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 16—17.

104) В. J. Ђурић, Три догађаја у Српској држави, 87—95, каде што се наведува и литературата за кралот Марко.

Ќе се осврнеме и на односите на Серската држава на деспотот Јован Углеша со Охридската архиепископија, наведувајќи податоци кои, веруваме, поцелосно ќе ја осветлат улогата на охридскиот архиепископ Григорие II на серскиот двор. Единствена, но многу значајна вест за присуството на охридскиот архиепископ во Сер е содржана во познатата грамота на Углеша од почетокот на 1369 год. од која се дознава дека на судењето по повод спорот меѓу зографските калуѓери и ерисоскиот епископ Давид, на седницата на деспотовиот синод, првото место меѓу црковните високодостојници, покрај самиот деспот, го заземал архиепископот Григорие II.[105]) Овој податок ги наведе И. Снегаров[106]) и Р. Груиќ[107]) на мислењето дека државата на деспотот Углеша ја признавала црковната власт на Охридската архиепископија. Г. Острогорски го отфрли ова мислење, истакнувајќи дека нема податоци од кои би произлегувало дека епархиите, приклучени кон Српската црква под Душан, за време на Углеша, се одземени ѝ присоединети кон охридската диецеза. Ако епархиите на Серската држава биле под охридска јурисдикција, Углеша не би имал причина да се залага за помирување со Цариградската патријаршија, смета познатиот истражувач на Серската област по смртта на Душан.[108])

Улогата на Григорие II во Сер не била од формална природа, туку подразбирала конкретни црковно-правни ингеренции на првата личност на деспотовиот синод. Активноста на Григорие II не може да се објасни само со фактот дека тој бил најблискиот советник на Углеша и посредник меѓу него и кралот Волкашин. Охридскиот поглавар, секако, бил тоа, но неговата работа во синодот имала пореална основа.

Со преиспитувањето на територијата на Серската држава е утврдено дека струмичкиот крај и областите меѓу долна Струма и долен Вардар влегувале во нејзин сотав.[109]) Струмица, освоена од Душан во исто време кога и Охрид, не е ставена под власта на Српската црква, туку оваа стара епархија остана во составот на охридската диецеза. На западната граница на Серската држава се наоѓаше уште и епархијата Сланица (Пела), чиј епископ Антоние во 1368 год. престојувал во Охрид.[110]) Не-

[105]) А. Соловјев и В. Мошин, Грчке повеље српских владара, Београд 1936, XXXVI, 5, 75.

[106]) И. Снегаровъ, История, I, 334—335.

[107]) Р. Грујић, Охридска архиепископија, Народна Енциклопедија, III, Београд 1928, 251.

[108]) Г. Острогорски, Серска област, 131, заб. 18.

[110]) В. В. Мошин, Ракописи на Народниот музеј во Охрид, Зборник на трудови, Охрид 1961, 229.

одамна е изнесено мислењето дека на запад областа на Углеша ги зафаќала деловите на Мариовскиот крај во близината на Пелагонија, со што се потпира претпоставката дека Вукашин во последните години од своето владеење му ги препуштил јужните делови на братот Јован Углеша.[111]) Ако се прифати мислењето на Р. Михалчиќ за западните краишта на Углешината област, би произлегувало дека поголемиот дел од неговата држава потпаѓал под црковната власт на Охрид. Но, независно од тоа колку власта на Углеша се протегала западно од Вардар, веќе и самиот факт дека во неговата област се наоѓале охридските епархии Струмица и Сланица, му овозможуваше на Григориј II учествување во деспотовиот синод. Повеќе од тоа, како најстар архиереј според рангот тој го заземал првото место во тоа тело и имал право на решавање во доменот на црковно-правните прашања на Углешината држава. Меѓутоа, со ова само делумно може да се објасни исклучителната улога на Григорие II во Сер. Охридскиот поглавар и Јован Углеша соработуваа во решавањето на посуштински и посложени прашања. Имено, Григорие II се појавува во Сер речиси една година по Углешината одлука и проглас и враќањето на одземените митрополии на Екуменската патријаршија, но пред цариградскиот патријарх да го прогласи црковното обединување. Повеќе од три години поминаа од одлуката во Сер до конечното обединување во мај 1371 год.,[112]) а во тој преоден период охридскиот архиепископ имаше улога на старешинство во црковните работи, помагајќи му на Углеша, пред сè, во значајниот потфат, за кој и самиот се залагаше. Во изворите не се спомнува уделот на Григорие II во акцијата околу измирувањето, но неговата активност и углед во Сер беа такви што претпоставката за учеството во отстранувањето на пречките меѓу Углеша и Цариградската патријаршија има целосно оправдување. Впрочем, уште О. Халецки изнесе мислење дека Григорие II е експонент на политиката на екуменскиот патријарх Филотеј, особено во потфатот на мирењето со Углеша.[113])

Не е познато какви биле односите на Екуменската патријаршија и Охридската архиепископија по екскомуникацијата на Српската црква, но промените со кои била зафатена и Охридската црква под Душан, предизвикале, секако, криза во нивното општење за време на архиепископот Никола. Но, во овој период, екуменскиот патријарх му се обраќа на Григорие II како на поглавар на автокефална црква со кој одржува вообичаени врски. Кога во Цариград започнаа поинтензивните договори околу дијалогот со Латинската црква, за отстранување на догматските

[111]) Р. Михаљчић, Крај Српског царства, 108—109.

[112]) Г. Острогорски, Серска област, 136—137.

[113]) O. Halecki, Un Empereur de Byzance á Rome, London 1972², 153, 180.

и другите разлики, под притисокот на царот Јован V Палеолог и латинофилската струја, патријархот Филотеј му пишуваше во месецот мај 1367 год. на Григорие II и го повикуваше со своите архиереи веднаш да тргне на претстојниот собор во Цариград. На соборот, кој требало да има екуменско значење, ќе учествуваат, како што пишува Филотеј, патријарсите на Александрија, Антиохија и Ерусалим, т.е. архиереите постари по рангот од охридскиот архиепископ, додека учеството на другите црковни институции од источната екумена не се наведува.[114]) Речиси во исто време кога ова писмо му е упатено на охридскиот архиепископ, бившиот цар Јован Кантакузин го прими во Цариград папскиот делегат Павле и откако во подолгиот дијалог го запозна со исклучителната компетенција на вселенскиот собор во решавањето на спорните прашања со Латините, истакна дека на претстојниот собор, покрај другите архиереи, ќе биде повикан и „архиепископот на Србија".[115]) Разговорот на Кантакузин со папскиот делегат е извршен околу половина година пред започнувањето на разговорите во Сер, кога во Цариград можеби веќе се знаело за желбите на Углеша за црковно измирување. Во тие прилики, охридскиот архиепископ можел да се залага за враќањето на митрополиите (кои никогаш не ѝ припаѓале на охридската диецеза) на Цариградската патријаршија, но српскиот патријарх Сава IV, наследникот на Јоаникиј, избран уште под Душан, не ја прифати и не ја поддржа иницијативата на Углеша.[116]) Помирувањето остана во регионални рамки, Екуменската патријаршија ги поврати своите митрополии и го наименува митрополитот на Драма за свој егзарх во областа на Углеша, пренесувајќи ги врз него патријаршиските права.[117])

Двајцата автокефални поглавари, пеќкиот и охридскиот, во границите на сè уште истото Царство, се однесуваа различно спрема суштинските црквено-политички прашања на своето време. Размислувајќи за причините на спротивставувањето на Сава на помирувањето, Д. Богдановиќ помислува дека српскиот патријарх страхувал од цариградските настојувања за ограничување на независноста на Српската црква и одречувањето на патријаршискиот ранг во смисла на идеологијата изложена во Властаревата синтагма.[118]) Григорие II беше со паламитскиот патријарх Фолотеј и деспотот Јован Углеша затоа што, залагајќи се за помирување, пробиваше пат за сојуз со Византија со цел да се сузбијат турските продори што се доближуваа кон

114) F. Miklosich et J. Miller, Acta e didiplomata greaca medli aevi sacra et profana, Acta Patriarchatus, I, Vindobonae 1860, 491—493.

115) J. Meyendorff, Projet de Concile oecumenique en 1367; Un dialogue inedit entre Jean Centracuzene et le legat Paul, DOP, 14 (1960) 158.

116) Г. Острогорски, Серска област, 136—137.

117) Истото.

118) Д. Богдановић, Измирење српске и византијске цркве, 88—89.

Македонија. Доколку сите напори на Углеша биле насочени кон подготовките за војна против Турците,[119]) охридскиот архиепископ, по сè судејќи, бил негов драгоцен истомисленик и соработник. Помирувањето на Углеша, сепак, не доведе до политички сојуз со Византија, а поразот на Вукашин и Углеша на Марица создаде услови за турска доминација на Балканот.[120]) Григорие II го започна своето охридско архиерејство во време на турските успеси во Тракија, а умре кога турската опасност се надви над архиепископскиот град.

Катастрофата на Марица го предизвика растурањето на територијата на кралот Марко на самиот почеток од неговото владеење. Околу 1380 год. од позначајните градови, на Марко му остана само Прилеп, каде што, пред триесетина години, татко му го започна својот подем во Душановата држава. Уште во 1371 год. сродникот и поранешен сојузник на Вукашин Ѓураѓ Балшиќ го запоседна Призрен,[121]) а неколку години подоцна, Вук Бранковиќ го држеше Скопје.[122]) Кралот Марко не можеше да го одржи своето воено-политичко присуство и во јужните делови на државата: околу 1378 год. со Охрид владееше жупанот Андреа Гропа, додека во Костур како господари се спомнуваат синовите на Андреа Музаки.[123]) На кој начин и кога ги изгубил кралот Марко Скопје, Охрид и Костур, град кој, инаку, едно време му припаѓаше на неговиот тест Радослав Хлапен,[124]) не може поодредено да се рече, како што не можат да се контролираат со современи вести различните кажувања на М. Обрин[125]) и Ѓ. Музаки[126]) за улогата на Балша II во одземањето на Костур.

Охридскиот господар Андреа Гропа потекнува од стар благороднички дом, кој уште кон крајот на XIII век, имаше поседи во арбанашкиот планински масив северозападно од Охридското езеро.[127]) Тој ги ковеше своите пари со словенски натписи, а нивните емисии, идентични со парите на Вукашин, Марко и Андреаш, се изработувани, секако, во истата ковница.[128]) Титу-

119) С. Новаковић, Срби и Турци, 184 сл.

120) Г. Острогорски, Серска област, 143 сл.

121) М. Орбин, Краљевство Словена, Београд 1968, 54, сп. коментарот на С. Ћирковиќ, 314, Зборник К. Јиречења, I, 379, заб. 111.

122) Законски споменици, 451—452.

123) Ктиторскиот натпис од црквата Св. Атанасија во Костур (1383/84) каде што се ктитори Стоја и Теодор Музаки; кај нас натписот го објави В. Ј. Ђурић, Мали Град — Свети Атанасије у Костуру — Борје, 39.

124) M. Laskaris, Deux chartes de Jean Uroš, 319—320.

125) М. Орбин, Краљевство Словена, 68, коментар на С. Ћирковић на стр. 320.

126) Ј. Хан, Путовање кроз поречину Дрима и Вардара, Београд 1876, 483—485, (ја донесува хрониката на Музаки по К. Хопф).

127) A. Gegaj, L'Albanie et l'invasion turque au XV-e sieclé, Louvain — Paris 1937, 29—30.

128) В. заб. 126; Вера Битракова — Грозданова, Прилог кон охридската ковница од XIV век, Историја, 1, Скопје 1971, 201—205.

12*

лата жупан, пред сè, но исто така и сродството со Остоја Рајаковиќ Угарчиќ, како и употребата на словенското писмо, покажуваат дека Андреа Гропа ѝ припаѓал на благородничката структура на Царството, дека служел под Урош и Волкашин. По 1371 год. Гропа можел, едно време, да истапува самостојно, како охридски господар. Според приказната од спомнатата арбанашка хроника, тој бил оженет со ќерката на Андреа Музаки чие семејство беше во непријателство со кралот Марко.[129])

Во текот на седумдесетите години на XIV век во диецезата на Охридската архиепископија влегуваа епархиите од областите на повеќемина феудални господари, од кои најмоќни беа државите на Јован и Константин Драгаш и на кралот Марко околу Прилеп; меѓутоа, во нејзиниот состав влегуваа и православните епархии во арбанашките краишта на Балша II, на Карло Топија и Музаки. По 1380 год., како што подоцна ќе видиме, со Охрид господареше Карло Топија.

Марко, единствениот господар кој по битката на Марица ја носеше кралската титула, откако ги изгуби Скопје и Призрен, двете угледни митрополиски катедри, во својата држава веќе немаше епархии под власта на пеќката патријаршија. Речиси сите краишта на мошне стеснетата Маркова територија, традиционално ѝ припаѓаа на охридската диецеза; на тесниот појас меѓу Прилеп и Скопје што го задржа кралот Марко, бидејќи немаше епархиско седиште, архиерејската должност ја вршеше, по сè судејќи, пелагонискиот епископ. Затоа кралот Марко, неговите архиереи и игумени не учествуваа на познатиот собор во Пеќ во 1375 год.[130]) Во тие години кнезот Лазар се појавува како владетел кој го одржуваше континуитетот на Немањиќката држава и црква, станувајќи решавачка личност на консолидацијата северно од Марковата држава и во моравските краишта.[131]) Од друга страна, кралот Марко не можеше да го заснова своето владеење врз темелите на немањиќката држава и црковна традиција. Во декорацијата на Марков манастир, на почвата на северна Македонија, свое место не добија портретите на св. Симеон Немања и на св. Сава.[132]) Но затоа, нивните култови како одраз на идеолошкиот континуитет на Српската држава и црква, беа негувани во сликарските споменици од моравската група. За разлика од српската црква што ја делеше судбината на Српската држава, Охридската црква, наоѓајќи се на урнати-

[130]) Н. Радојчић, Српски државни сабори у средњем веку, 162—165.

[131]) С. Ћирковић, Моравска Србија у историји српског народа, Моравска школа и њено доба, Београд 1972, 106—107.

[132]) C. Grozdanov, Wolkashin, Ugljesha, Marko and the Ohrid Archbishopric, 135; од скицата што ја направи С. Мандиќ по сеќавање (Древник, записи конзерватора, Београд 1975, 142—144) имплицитно би произлегувало дека во трпезаријата на Марковиот манастир биле насликани св. Симеон Немања и св. Сава, но, за жал, засега, ништо сигурно не може да се каже за тоа.

ните на Царството, го бараше своето место во семејството на православната екумена и ја усогласуваше својата политика со Цариградската патријаршија.

Овде ќе ја изнесеме претпоставката дека последен христијански владетел на Охрид можел да биде Карло Топија, покрај Балша II најмоќен господар во албанските краишта.[133]) Записот што би укажувал на владавината на Топија над Охрид е испишан на маргината на еден грчки зборник на Јован Лествничник на охридската Архиепископска библиотека, како концепт на писмото од игуменот на Климентовиот манастир Гевграсиј („ („„„† благовѣрнωмоү, великородньωмоү, првнсокωмоү сосодиноү западних стоань и поморских, новωмоү ититороү нашемоү, покѣпитѣлоү и пресветитвлю, Карлүопін".[134]) Во овој ракопис, покрај спомнатата белешка, со иста рака е испишан уште еден концепт на писмо до охридски от архиепископ Јован, Обата записа ги објави В. Мошин, укажувајќи со право дека му припаѓаат на истото време;[135]) Мошиновото датирање на записите, меѓу 1359 и 1363 год., кога според него со Охрид владеел Топија, а со Архиепископијата управувал Јован, мораме да го отфрлиме.[136]) Дека Карло Топија во тие години немал никаква власт над Охрид, доволно е само да потсетиме на заумскиот ктиторски запис (1361 год.), каде што се наведува суверенитетот на царот Урош; повеќе од тоа, знаеме дека во текот на тие години охридски наместник бил севастократорот Бранко. Архиепископот Јован можел да ја заземе иста рака е испишан уште еден концепт на писмо до охридскиархиепископската катедра по Григорие II кој во 1378 год. сè уште се наоѓал на чело на Охридската црква.[137]) Познавањето на црковните состојби и особено издигањето и крајот на Карло Топија покажуваат дека тој можел да владее со Охрид по 1380 год.

Повеќе од две децении Топија настојуваше да му се наметне на ситното благородништво и да ги прошири своите поседи во средна и во северна Албанија. Често бил во судир со Ѓурѓ Балшиќ, а подоцна со Балша II кој со брачна врска ги има добиено градовите во југозападна Албанија (Канина, Валона, алб. Белград).[138]) Но Топија имаше поседи и во близината

---

133) Ц. Грозданов, Нови сознанија за живописот на Климентовата црква Св. Пантелејмон во Охрид, 4—6.

134) В. Мошин, Ракописи на Народниот музеј во Охрид, 229.

135) Истото.

136) Ц. Грозданов, Нови сознанија за живописот на Климентовата црква, 4 сл.

137) Й. Ивановъ, ı ългарски старини, 42, попотполно читање на ктиторскиот натпис од Мал св. Климент, каде што се споменува 1378 архиепископ Григорие, сп. кај Г. Суботић, Свети Константин и Јелена у Охриду, Београд 1971, 63 заб. 17, 64.

138) За владеењето на Карло Тошја, в К. Јиричек, Историја Срба, I, 317—318; Историја Црне Горе, књига друга, том други, 16—18, 46—48, со посебен осврт врз судирите со Балшиќи (текст на С. Кирковиќ).

на Охридското Езеро, кај денешниот Елбасан, каде што ја изгради својата црква св. Јован Владимир (1381—83.).[139]) Во тоа време можел да ја прошири својата власт и над Охрид, со тоа што би го потчинил Гропа, или може би го одфрлил кон Дебар, каде што, подоцна, под Ѓерѓ Кастриоти ќе се јават неговите наследници во борбите против Турците.[140]) По извесно измирување меѓу Балша II и Топија, нивното старо непријателство повторно избувна кога Балша II во почетокот на 1385 год. загосподари со Драч. Наесен истата година Турците, преку јужна Македонија, продреа во Албанија и на Саурско поле кај Берат, ја совладаа војската на Балша II, кој загина во таа битка.[141]) Карло Топија ги заплетка Турците во својот судир со Балша II, го зоседна Драч, а потоа и самиот ги искуси последиците од турското присуство, барајќи заштита од Венеција; умре во 1387 год. кога неговата државна творба се распадна.[142])

Говорејќи за овој, речиси, непознат период на Топииното владеење ќе наведеме и други забележувања што се однесуваат на почетоците на турското присуство во овие краишта. Кога Вук Бранковиќ владееше далеку од Охрид. Топија можеше да ги истакнува правата на своето семејство над охридскиот крај, затоа што единствениот наследник на оваа феудална куќа, неговиот син Ѓорѓе Топија, бил оженет со ќерката на севастократорот Бранко, Теодора.[143]) Современикот на Топија, архиепископот Јован, спомнат во вториот концепт на писмото, соработуваше со севасткраторот Бранко и со неговото семејство во времето кога сè уште беше архимандрит на Климентовиот манастир.[144]) По потекло Словен, тој ја негуваше словенската писменост, што го покажуваат и концептите на писмата во грчкиот зборник на Јован Лествичник. Впрочем, во овој и во подоцнежниот период, арбанашкото благородништво држеше словенски канцеларисти и се служеше со свој јазик.[145]) Ктиторскиот натпис на Топија од црквата Свети Јован Владимир во кој тој го подвлекува своето анжујско потекло, е испишан на латински,

139) С. Новаковић, Први основни словенске књижевности, Боград, 1893, 227.

140) J. Хан, Путовање кроз поречину Дрина и Вардара, 503 (врз основа истражувањата на К. Хопф).

141) Историја Црне Горе, књига друга, том други, 48 (текст на С. Ћирковиќ).

142) М. Спремић, Харач Скендербега, Зборник Филозофског факултета, књ. X-1 (Споменици В. Чубриловића) Београд 1968, 251 заб. 1 донесува потполна библиографија за турската помош на Карло Топија во борбата против Балша II.

143) Љ. Ковачевић, Вук Бранковић, Годишњица Н. Чупића, X, Беонрад 1888, 239.

144) Ц. Грозданов, Прилози средњевековноj уметности Охрида, 218.

145) Р. Михаљчић, Словенска канцеларија арбанашке властеле, Симпозијум о Скендербегу, Приштина 1969, 219—227.

словенски и грчки јазик.[146]) Како католик — неговиот чичко Доминик беше генерален викар на доминиканскиот ред во Далмација — Карло Топија, владеејќи во краиштата со православно население, соработуваше со претставниците на православниот клир. Тој стана нов ктитор на Климентовиот манастир во кој Јован Порано беше архимандрит, а во овој период, најверојатно, и посредник на Карловиот ктиторски потфат. Меѓутоа, обновата на еден дел од Климентовата црква можеше да биде мотивирана од фактот дека Карловиот духовен татко бил првиот авињонски противпапа Климент VII кој, заедно со франачките Анжујци, сесрдно го помагаше против Балшиќи, експоненти на ватиканските папи во албанските и зетските краишта.[147])

По големите освојувања на Евренос бег во јужна Македонија, од Сер до Битола и по победата на Хајредин паша над Балша II се поставени основите на потрајното турско присуство во овој дел на Балканот.[148]) С. Новаковиќ даде јадровита, оценка на значењето на битката на Саурско поле: „Тука беше Марица и Косово за господата српско-албанска.[149]) Овој турски удар предизвика хаос меѓу претставниците на покрупното благородништво во југозападна Македонија, Албанија и Зета. Вдовицата на Балша Комнина ѝ ги нудеше своите градови на Венецијанската република, настојувајќи да ги стави под нејзин суверенитет; најистакнатите претставници на семејството Музаки бараа, исто така, млетачка заштита.[150]) Од друга страна, Ѓураѓ Страцимировиќ веќе во 1386 год. соработуваше со Турците и, како и другите феудални господари, ги вплеткуваше во своите пресметки со непријателите.[151]) Посиромашното благородништво сега станува поактивно, а некои негови претставници го прифатија вазалниот статус.

Ефемерната државна творба на Карло Топија се распадна по овој турски налет. Иако Топија веднаш го запоседна Драч, тој ѝ го понуди на Републиката во замена за венецијанските добра во јужна Грција, каде што сакаше да се засолни пред турскиот притисок. Тој умре во 1387 год. а под неговиот син Ѓорѓе Топија (1395 год.). Венецијанците воспоставија контрола над Драч, а потоа и го анектираа.[152]) Х. Иналџик, во посебна

---

[146]) С. Новаковић, Први основи словенске књижевности , 227.

[147]) К. Јиречек, Историја Срба, I, 317—318.

[148]) Г. Елезовић, Турски споменици, књ. I, св. 1, Београд 1940, 7—10; Halil Inalcik, Les regions de Kruje et de la Dibra autour 1467 d'apres documents ottomans, Deuxieme conférence des études albanologiques, I. Tirana, 1969, 221-222..

[149]) С. Новаковић, Срби и Турци, 279.

[150]) K. Jiriček, Valona im Mittelalter, Illirisch-alban. Forschungern, I, 180.

[151]) Историја Црне Горе, књига друга, том други, 5253 (текст на И. Божиќ).

расправа за турското напредување на овој сектор, пишува дека Охрид и Битола веќе во 1385 год. биле трајно запоседнати, за да можат да се контролираат стратегиските патишта кон албанското крајбрежје, каде што Венецијанската република утврдуваше некои точки од посебен стопански и стратегиски интерес. Според истиот автор, по битката на Саурско поле во албанските земји и во Зета не бил наметнат непосреден систем на отоманска власт, туку само вазален однос над благородништвото; укажувајќи на сочуваната граѓа од турските архиви, тој истакнува дека по вториот турски продор во 1394 год. започнало воспоставувањето на тимарскиот систем.[153]) Додека Охрид и Битола во овој период станаа трајни придобивки на турското освојување и пунктови за контролирање на непостојаното арбанашко-зетско благородништво, други податоци, пред сè од венецијанскиот архив говорат дека локалните господари на крајбрежниот појас и непосредното копно уште долга низа години ѝ се извлекуваа на турската контрола благодарение на венецијанската заштита. Овие податоци покажуваат дека ставањето на Охрид под османлиската власт не може да сè поврзува со Марковото загинување на Ровине, како што најчесто се мисли. Ктиторскиот натпис од селската црква во Елшани кај Охрид од 1407—1408 год., познат според подоцнежниот препис, го наведува исклучиво владеењето на Челеби, што по посреден пат потврдува дека градот се наоѓал под непосредна турска управа, без вазален посредник.[154])

Охридската архиепископија околу 1390 год. ги имаше под своја јурисдикција епархиите под директна турска контрола, потоа, во областите на турските вазали какви што беа кралот Марко и Константин Драгаш, а во Албанија, во областите на турските и млетачките вазали, што ги помагаа охридските високодостојници. Охридскиот архиепископ даде благослов за брак на Балшината ќерка Руѓина, наследничка на Берат, Валона и Канина со Мркша Жарковиќ, внук на севастократорот Дејан, канонски оспоруван поради нивното роднинство.[155]) Поблиските врски на Охрид со западните краишта во текот на тие години придонесуваа да се почувствуваат и елементите на западното влијание во современата уметничка активност на ова традиционално средиште на византискиот ликовен јазик.

Подоцнежните вести за приликите во Охрид говорат дека градскиот слој на болјарите под турската окупација успеал да ги одржи своите економски позиции. Ктиторските портрети и натписи, епиграфските споменици и сочуваните записи ги соопштуваат имињата на граѓаните или на градската структура на

152) Ibid., 58—59.

153) H. Inalcik, Les regions de Kruje et de la Dibra, 221-225.

154) И. Снегаровъ, История, II, 1—2, заб. 5.

155) K. Jiriček, Volona im Mattelalter, 180—181.

населението што ги зачувало угледните позиции во конфесионално-толерантната држава на Османлиите.[156]) Политичките прилики пред и по 1385 год., како и текот на подоцнежните збиднувања, се во согласност со мислењето дека Охрид минал под турска управа без воено спротивставување и поголеми потреси.[157])

Уметничкото создавање во Охрид кон крајот на XIV и во првите години од XV век налага осврнување на состојбите во Архиепископијата во тој период, особено кон прашањата на легализацијата на самиот почеток од турската окупација. За разлика од Бугарската патријаршија, која, по паѓањето на Трново, е укината, Охридската архиепископија под непосредната турска управа успеала да ја продолжи активноста, а во некои домени да се здобие со поповолни услови. Не е познато каде и на кој начин охридските високодостојници ја легализирале својата институција, но познатиот спор меѓу Архиепископијата и Екуменската патријаршија околу јурисдикцијата над Софиската и Видинската епархија, започнат во 1410 год., покажува дека пред тоа Охридската црква имала, главно, средени односи со турската управа.[158]) Имено, кон средината на 1410 год. охридскиот поглавар Матеа престојувал во Цариград, понесувајќи документи од правна природа, што византиските цареви порано ѝ ги издале на Охридската архиепископија и му ги поднел на Манојло II Палеолог со намера да добие потврдна хрисовула за правата на диецезата во нејзиниот најголем опфат. Како и во сличните поранешни ситуации, архиепископот се повикувал на правата на Јустинијана Прима, но од преписката не може да се дознае кои сè документи му ги покажал на византискиот цар. Манојло II му ја издал потврдната хрисовула на архиепископот Матеа и тоа со согласност на синклитот и патријаршискиот синод. По враќањето, охридскиот архиепископ изврши ракоположение на софискиот и видинскиот митрополит и ги стави нивните епархии под своја власт. Тогаш постоеше

---

[156]) На пр. постарите ктиторски портрети во Св. Константин и Елена како и портретите во Лескоец, сп. Г. Суботић, Свети Константин и Елена, 5—8; итд,- Два споменика охридског зидног сликарства XV века, Зборник Светозара Радојчића, Београд, 1969, 315—320. Надгробниот натпис на војводата Згур (1454) од околината на Охрид, в. Словенска писменост, Охрид 1966 (каталог бр. 29, Словенска епиграфика. За бољарите од 1466 сп. И. Снегаровъ, История, II, XXV.

[157]) До констатацијата дека Охрид потпаднал под турска власт без борба доаѓа Г. Суботић, Охридска сликарска школа XV века (докторска теза, во печат).

[158]) Коресподенцијата меѓу Вселенската патријаршија и Охридската архиепископија ја објавил Г. Баласчевъ, Коресподенция между Цариградския патриярхъ и Охридския архиепископъ отъ XV векъ, Минало, кн. 1 и кн. 2, София, 1909, 3—15, 123—135; И. Снегаровъ, История, II, 3—9; за легализацијата на православните цркви под турската управа в. М. Мирковић. Правни положај и карактер Српске цркве под турском влашћу, Београд 1965, 38—41

[159]) Г. Баласчевъ, Кореспонденция (Минало, 1), 7—8.

јасна мотивираност за далечниот и ризичен пат на архиепископот Матеа: подготвувајќи го присоединувањето на епархиите на укинатата Бугарска црква, тој сакаше да се обезбеди од приговорите на Екуменската патријаршија која исто така се грабеше за териториите на Трновската патријаршија. Како што се гледа од преписката, новиот цариградски патријарх Ефтимие ѝ упатил остри обвинувања на Архиепископијата, додека охридската канцеларија со традиционалната одмереност, но и жестина, упорно ги бранела правата на својата институција. Треба уште да се наведе дека екуменскиот патријарх во писмото го обвинува архиепископот дека овој се готвел, покрај Софија и Видин, да ги присвојува и другите енории.[159])

Охридската црква не можела да ја прошири диецезата на територијата под турска окупација без претходна легализација пред турската управа. Но, Архиепископијата не ја делеше судбината на државноста на христијанските владетели, па така ги одбегна репресивните мерки на новата власт.[160]) Од друга страна, во услови на одредена верска трпеливост, турската управа, препуштајќи ѝ ги освоените територии на охридската црковна власт, ги оневозможуваше влијанијата на црковните центри надвор од нејзините граници[161])

Од спорот со Цариградската патријаршија произлегува уште едно сознание: Архиепископијата не би можела да ги припои епархиите на Софија и Видин, доколку претходно не презела поголеми територии што порано потпаѓале под јурисдикција на Српската црква. Врз основа на спомнатата преписка, Ј. Иванов со право истакна дека средишните територии кај Велбужда веќе порано биле ставени под власта на Охрид. Околу 1400 год. северноисточната граница на диецезата била значително изменета: од Лесново, преку Радовиште и Кратово до Ќустендил Охридската црква повторно ја воспоставила својата власт.[162]) Р. Груиќ мисли дека Скопската митрополија, по турската окупација, ѝ е одземена на Пеќката патријаршија и присоединета кон Охрид, што се однесува и на запуштената и тогаш обновена Дебарска епископија со Кичево и Горни Полог.[163])

---

[160]) За разлика од Српската и Бугарската патријаршија, поврзани со Српската и Бугарската држава, Охридската архиепископија по Маричката битка не можеше да се потпре на христијански владари, та згоа настапуваше како црковна институција барајќи свое место во новите услови, под непосредна турска окупација.

[161]) И. Снегаровъ, История, II, 3.

[162]) Й. Ивановъ, Северна Македония, София, 1906, 258—259.

[163]) Р. М. Грујић, Скопска митрополија, 189—191. Не ни се познати сигурни вести за присоединувањето на Скопската митрополија кон Охридската црква.

Користејќи ги воено-политичките спротивности во условите кога се одвиваше процесот на турската стабилизација во внатрешноста на Балканот, Охридската архиепископија избори поповолни услови од соседните автокефални цркви. Бидејќи ја прошири црковната власт над епархиите на Српската и Трновската патријаршија, таа не пристапи кон Фирентинската унија, заземајќи независен став спрема политиката на екуменскиот патријарх. Околу 1400 год. поставени се основите на потрајна соработка со турската управа што за подолг период ќе обезбеди поволен третман на Архиепископијата во Османлиската држава.